**20161393352**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16 и 120/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19.7.2016 година, донесе

## УРЕДБА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2016 ГОДИНА

Член 1 Во Уредбата за поблиските критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2016 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.2/16, 27/16, 50/16, 68/16, 99/16, 112/16 и 121/16) во членот 2 став (2) во табелата во колоната „Поблиски критериуми и висина на директни плаќања“ во подмерката 1.1 во алинејата 3 по зборот „пченица“ се додаваат зборовите: „изнесува 18.000,00 денари по хектар за пријавена површина со пченица до 10 ха, 13.200,00 денари по хектар за пријавена површина со пченица од 10,001 до 50 ха, 9.600,00 денари по хектар за пријавена површина со пченица од 50,001 до 100 ха и 7.200,00 денари по хектар за пријавена површина со пченица над 100 ха, а за “.

Во алинејата 4 по зборот „материјал“ се додаваат зборовите: „освен за пченица за која висината на директните плаќања изнесува 13.000,00 денари по хектар за пријавена површина со пченица до 10 ха, 10.200,00 денари по хектар за пријавена површина со пченица од 10,001 до 50 ха, 8.100,00 денари по хектар за пријавена површина со пченица од 50,001 до 100 ха и 6.700,00 денари по хектар за пријавена површина со пченица над 100 ха “.

Во алинејата 5 по зборот „подмерка“ се додаваат зборовите: „освен за пченицата“.

Член 2 Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-5624/1
19 јули 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Никола Тодоров**, с.р.